### ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# "Женска глава" од Пикасо заборавена во депо

## Средства од ФАРЕ одобрени, но не и доделени

На Музејот на современа уметност му биле одобрени средства од ФАРЕ за поставување на алармни уреди. Овие средства ФАРЕ, иако ги одобрил, не му ги доделил на Музејот поради нерешеното прашање со покривната конструкција.

Музејот на современа уметност барал средства од Министерството за култура за да го санира покривот, но овие средства не му биле одобрени. Од Музејот бевме известени дека средствата од ФАРЕ ќе бидат замрзнати и ќе се доделат тогаш кога Музејот ќе го поправи покривот.

-Не можат да се постават алармни уреди во Музејот без здрав покрив, кој постојано тече. Тие уреди, доколку би се поставиле, би биле оштетени од водата, а со тоа ништо не сме постигнале- ни изјави Захаринка Алексоска-Бачева.

**■ Сликата од Пикасо и другите значајни дела од познати светски уметници веќе пет години лежат во депоата на Музејот и само повремено и поединечно се изложуваат во рамките на други изложби**

**■ Не можеме да ја вратиме постојаната поставка затоа што ни прокиснува покривот- велат во Музејот на современа уметност**

Во текот на минатиот месец, Русите, Турците и Кувајќаните се караа за три слики од Пикасо. Кавгата беше кој ги има оригиналните дела, а кај кого се фалсификатите.

Додека светот се кара за делата од Пикасо, Музејот на современа уметност во Скопје има една слика од Пикасо "Женска глава", но наместо да биде изложена, стои заборавена во депоата на Музејот. Многу од генерациите не знаат дека во Македонија можат да го видат Пикасо во оригинал, но не само него туку и голем број други светски познати уметници како, на пример: Ренато Гутузо, Енрико Бај, Едуар Пињон, Морис Естев, Виктор Вазарели, Брицит Рајли, Александар Калдер и многу други.

Сликата "Женска глава" од Пикасо му е подарена на Музејот на современа уметност во 1965 година. Во 1971 година била украдена, а пронајдена е во Минхен, со помош на Интерпол, и вратена на Музејот.

Оваа слика, заедно со другите дела од познатите светски уметници, до 1995 година стоеше во постојаната поставка на Музејот кога оваа поставка е симната. Делата од поставката од тогаш, па до денес се собрани во депоата на Музејот, а само повремено поединечно се изложуваат во рамките на други изложби.

Во Музејот на современа уметност велат дека таму повеќе нема услови за постојано презентирање на овие значајни дела од светската уметност. Третиот кат на Музејот, кој е предвиден за нивна постојана поставка, прокиснува, а водата од дождовите, доколку би стоеле делата таму, би течела по нив.

-Сликата од Пикасо, а и другите вредни дела што ги имаме ако не можеме да ги заштитиме при презентација, подобро е да ги зачуваме отколку да ги уништиме. Поради сите проблеми што ги има Музејот со покривната конструкција и прокиснувањето, постојаната поставка е тргната и сместена во депоата. Така делата барем ќе се зачуваат и ќе бидат заштитени-ни изјави Захаринка Алексоска-Бачева конзерватор- кустос во Музејот.

*Е. Оровчанец-Спироска*

